| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – електричен кабел од 35кV, од разводна табла на ГГП на фотонапонска централа до трафостаница Прилеп 2, КО Заполжани, општина Долнени, КО Врбјани, општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, општина Прилеп |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Про-Инженеринг Тетово |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Елена Арсов, диа |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Илирија бр. 1, локал 20-Зелен пазар/на кат,<br>1200 Тетово |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Основ за изработка на предметниот Урбанистички Проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – електричен кабел од 35kV, од разводна табла на ГГП на фотонапонска централа, до трафостаница Прилеп 2, КО Заполжани - општина Долнени, КО Врбјани – општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош – општина Прилеп, се одредбите на член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20), согласно кој урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за кои што не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.<br>Урбанистички проект за вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект - електричен кабел од 35kV, од разводна табла на ГГП на фотонапонска централа,до трафостаница Прилеп 2, КО Заполжани – општина Долнени, КО Врбјани - општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош - општина Прилеп, (УП) се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20) како и подзаконските акти што произлегуваат од него: Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Согласно податоците и мислењата добиени од Општините, трасата на проектниот опфат поминува низ следните донесени плански документации:<br>- ЛУПД со основна класа на намена Е2-Комунална супраструктура, за изградба на објекти за производство на електрична енергија од алтернативни обновливи извори (биогас) со капацитет до 1 MW на дел од КП 16, КП 835, КП 836, и дел од КП 839, КО Заполжани, Општина Долнени<br>- ГУП Прилеп<br>- Регулациски план за четврт 5, блок 5.2<br>- ДУП за четврт 5, блок 5.2, УЕ20, УБ20.06 по 1<br>- УПВНМ за стопански комплекс на локалитетот кој ги опфаќа КП 444, КП 445, КП 446, КП 448, КП 449, КП 451, КО Врбјани, Општина Кривогаштани. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – енергетика. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |
| |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Апроксимативна површина на проектен опфат е 1,31ха. Апроксимативна должина на 110kV е 4.36км. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта е да се создадат за услови за водење на 35 кV подземен вод од разводна табла која се наоѓа на ГГП на фотонапонска централа до трафостаница Прилеп 2, со кој ќе се овозможи поврзување на фотоволтаична електрана за производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија) со трафостаницата Прилеп 2. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во државата. | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Планирање на просторот. | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| 2023 година. | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| / | | | |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** | | | |
| Почетната точка на кабелскиот вод од 35 KV е од разводната табла поставена на ГГП од фотонапонската централа а крајната точка е постојната трафостаница Прилеп 2, при тоа поминувајќи низ КО Заположани-општина Долнени, КО Врбјани, општина Кривогаштани, КО Мало Коњари, КО Големо Коњари 1 и КО Варош, општина Прилеп. Предметниот проектен опфат е со површина од 99410.09 м$^2$, вкупната должина на трасата изнесува 16,5 км. | | | |




| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
|---|
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не √ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>Несоодветното управување со генерираниот отпад. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација за изградба, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектот се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираниот објект долгорочно ќе опстојува на оваа локација. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Пелагонија е најголемата котлина во Македонија, која самата по себе образува и посебна релјефна целина во рамките на родопската група на релјеф. Сместена е во југозападниот дел на Република Македонија и северозападниот дел од Егејска Македонија. Опфаќа површина од околу 4.000 км$^2$ и нејзиниот правец на протегање е меридијански, север - југ, зафаќајќи должина од 80 километри и продолжувајќи кон Егејска Македонија.<br>Според пописот, во Општина Долнени живееле 13.805 жители, во Општина Кривогаштани 6.150 жители, додека а во Општина Прилеп според Пописот во 2021 година живеат 69.125 жители. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**
Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Сите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници, пренос на електрична енергија итн.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на овој план, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Заполжани, Врбјани, Големо Коњари и Варош има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. На подрачјето на катастарската општина Мало Коњари нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Постојната намената на просторот кој е предмет на оваа УП е Е1.1-сообраќајна патна инфраструктура со вкупна површина од 76389,08 м$^2$ и неизградено градежно земјиште со вкупна површина од 23021,01 м$^2$.<br>Согласно дописот со бр. на ЈКП Водовод и Канализација - Прилеп низ проектен опфат постои реализирана водоводна мрежа. Исто така, проектниот опфат поминува низ заштитеното подрачје на водозфатни објекти за водоснабдување на Прилеп, и тоа во потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор) или I заштитна зона и II (широка) заштитна зона. Согласно Елаборат за одредување на граници на заштитни зони околу водозфатни објекти за водоснабдување на Прилеп (тех. бр. 0903-532/13 од август 2014 год.) дадена е напомена за почитување на режимот на заштита.<br>Согласно дописот од ЈКП Долнени со бр.03-142/2 од 31.05.2023 год. нема свои инсталации(водоводни и канализациони).<br>Согласно дописот со бр. 10-25/7-221 од 30.05.2023 год. од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во границите на проектниот опфат постојат електроенергетски инсталации и тоа 110 kV трафостаница, 35 kV подземна и надземна мрежа, 10/20 kV трафостаница, 10/20 kV подземна и надземна мрежа како и 0,4 kV подземна и надземна мрежа.<br>Согласно дописот бр.52741 од 01.06.2023 год. од Македонски Телеком АД – Скопје во границите на проектниот опфат има постојна МКТ инфраструктура Друштвото за телекомуникациски услуги А1 Македонија со допис бр. 11-2974/1 од 31.05.2023 год. потврдуваат дека имаат постојни подземни и надземни инсталации. Исто така и АЕК со допис бр. 1404-1127/2 од 06.06.2023 год. потврдува дека низ проектниот опфат имаа инсталации во нивна сопственост. |

| | |
|---|---|
| | Согласно дописот со бр. 15-2567/2 од 30.05.2023 год. НОМАГАС информира дека на проектниот опфат нема и ниту планира изградба на гасоводна мрежа. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**
Преставува иницијатива и инструмент за заштита и унапредување на квалитетот на животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**
Не.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**
Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот ќе допринесе за развој во овој регион, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.
Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила;
Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во планираниот инфраструктурен објект;
Вода: на предметната локација нема да се генерираат отпадни води;
Почва: несоодветното управување со отпад генериран во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.
Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со комуналниот отпад може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Нема спроведено претходна оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спровдување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер**<br>**Благој Бочварски** |
| Бр. 07-780/11<br>Датум: 18.08.2023 год.<br>Место: Скопје | М.П. |